


Почитувани студенти,

Со големо задоволство ви го најавуваме целодневниот настан „Ден за кариерен развој“ во организација на УКИМ и THRIVITY!

На 07.06.2022 со почеток од 10:00 до 18:00 часот на платото на УКИМ, повеќе од 25 компании ќе имаат можност да ви ги презентираат своите можности за вработување и практикантство за време и по завршувањето на студиите.

Настанот ќе биде интерактивен, организиравме панел дискусии и кратки мотивациски обраќања со цел да ве инспирираат, насочат и да ви помогнат во вашиот иден кариерен развој.

Дополнително имаме штандови за подготовка на професионално CV организирано од THRIVITY, можност за непосреден разговор и кариерно насочување од Асоцијацијата на кариерни советници, директна комуникација со релевантни претставници на компаниите учесници, како и, зона за забава и освежување (организирана од Coca Cola).

За време на настанот за добрата атмосфера ќе се погрижат повеќе диџеи.

Агенда на настанот

09:30 Пристигнување на компаниите и нивно сместување

10:00 Пристигнување на студенти и други поканети гости

10:30 Отворање на настанот и кратко претставување на агендата на главна бина

- Обраќање на ректор
- Обраќање на раководителот на Центарот за кариера на УКИМ
- Обраќање на претставник од THRIVITY

11:00 Заедничка обиколка на организаторите и говорниците на сите штандови

11:30 Панел дискусија #1 (Тема: Важноста на практиканството и подготовка за прво вработување на студентите)

12:10 Музички сет #1

12:30 Мотивациски говор # 1 (COO Sensile Medical Switzerland: Инспирација за вработување – глобална отвореност на пазарот на труд Inspiration for employment – globally open labor market)

13:00 Панел дискусија #2 (Хибридни професии – новата реалност за младите и за компаниите) Асоцијација на кариерни советници

13:30 Музички сет #2

14:30 Мотивациски говор #2 (Развој на компетенции – мостот помеѓу формалното образование и барањата на компаниите) Активатор

14:45 Музички сет #3

15:30 Мотивациски говор #3 (Кариерно советување во високото образование – позитивни светски практики) проф. д-р Софија Георгиевска

15:50 Музички сет #4

Компании кои ќе учествуваат на **настанот**

Алкалоид АД Скопје, Пивара Скопје, Раде Кончар, Philip Morris Тутунски комбинат Прилеп, Tikves, Џонсон Мети дооел Скопје, Халк Банка, Макстил АД Скопје, АДИНГ, Макпрогрес ДОО, Van Hool, Реплек, Еуро Никел, Gerresheimer, Slice, Task Force, Lactalis, Nelt, Vivaks, inditex, ПроКредит Банка, DS Smith AD Скопје, Рамстор, Vesta Drogerija, Sparkasse bank, НЛБ Банка, Варус/Бионика

Се гледаме на 7ми јуни на платото пред УКИМ!